РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.08.2026 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5082/1 | 0 | |

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

2

1. Дениса Стојчевска
2. Весна Бендевска
3. Павле Арсоски
4. Даниела Бешиќоска
5. Бобан Кирофоровски

Бојан Стојаноски

Игор Здравковски

Билана Кузманоска

Александар Јанаков

ПРЕДЛАГАЧИ:Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ  И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ,

по скратена постапка

Скопје, август 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003, 66/2003, 81/2008, 158/10, 43/14, 15/15, 153/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22) се основа и се уредува работењето организацијата на Фондот за осигурување на депозити, како специјализирана финансиска институција која ги обесштетува осигурените депозити во банките, филијалите на странските банки и штедилниците при настанување ризичен настан.

Со Законот се уредени и органите на Фондот, составот и именувањето на Управниот одбор, како и именувањето и условите за директорот на Фондот.

Имајќи предвид дека Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за високи раководители, се наметна потребата од усогласување на одредбите од Законот за Фондот за осигурување на депозити со решенијата утврдени во наведениот закон, во делот на постапката за именување на членовите на Управниот одбор, како и постапката и условите за именување на директорот на Фондот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог на законот се усогласуваат одредбите на Законот за Фондот за осигурување на депозити со Законот за високи раководители.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на законот не предизвикува финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

Член 1

Во Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003, 66/2003, 81/2008, 158/10, 43/14, 15/15, 153/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22), во член 12 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Членовите на Управниот одбор се именуваат по спроведена постапка согласно со Законот за високи раководители.“.

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

Член 2

Во член 13 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„ Директорот на Фондот се именува по спроведена постапка согласно со Законот за високи раководители.

За директор може да биде именувано лице кое покрај условите утврдени во Законот за високи раководители, треба да го исполни и условот да не е член на орган на управување или вработен во банка или штедилница.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити се уредува именувањето на членовите на Управниот одбор согласно со Законот за високи раководители.

Со членот 2 се врши усогласување во делот на постапката за именување на директорот на Фондот.

Со членот 3 се уредува влегувањето во сила и почетокот на примената на законот.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања ќе се изврши усогласување на Законот за Фондот за осигурување на депозити со Законот за високи раководители, со што ќе се обезбеди усогласеност на законските решенија, кохерентност на правниот систем и ќе се избегне колизија меѓу одредбите на двата закона.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 12

Управниот одбор е составен од пет члена именувани од Владата на Република Северна Македонија и тоа три на предлог на министерот за финансии, еден на предлог на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија и еден на предлог на Здружението за банкарство и осигурување кој треба да е одредот на стручни лица од обласна на банкарството и финансиите и кој не смее да е член на орган на управување или вработен во банка, филијали на странска банка и штедилница.

Управниот одбор донесува подзаконски акти со кои се уредува работењето на Фондот.

Членовите наУправниот одбор се именуваат за период од четири години.

За своето работење Управниот одбор е одговор енпред Владата наРепублика Северна Македонија.

Член 13

Директорот на Фондот го именува Владата на Република Северна Македонија за период од четири години.

За именување на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин наРепублика Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) да не е член на орган на управување или вработен во банка или штедилница;

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бодаили

- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).